Врз основа на член 56 став 1 точка 14 од Законот за здравственото осигурување („Службен весник на Република Македонија“ број 25/2000, 34/2000, 96/2000, 50/2001, 11/2002, 31/2003, 84/2005, 37/2006, 18/2007, 36/2007, 82/2008, 98/2008, 6/2009, 67/2009, 50/2010, 156/2010, 19/2011, 53/2011, 26/2012, 16/2013, 91/2013, 187/2013, 43/2014, 44/2014 , 97/2014, 112/2014, 113/2014, 188/2014, 20/2015, 61/2015, 98/2015, 129/2015, 150/2015, 154/2015, 192/2015, 217/2015, 27/2016, 37/2016, 120/2016 и 142/2016) и член 6 од Правилникот за критериумите за склучување договори, утврдување на постапка за определување на месечниот износ на средства и начинот на плаќање на здравствените услуги на здравствените установи кои вршат обезбедување на осигурените лица со лекови на рецепт од Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот во примарна здравствена заштита („Службен весник на Република Македонија“ број 34/2014, број 48/2015, број 191/2015, 41/2016 и 157/2016 година), Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија на 26 мај 2017 година донесе

**Одлука**
**за изменување и дополнување на Одлуката за определување на месечниот износ на средства кој здравствените установи што вршат обезбедување на осигурените лица со лекови кои се пропишуваат на рецепт во примарната здравствена заштита, може да го добијат за издадени лекови на рецепт од Листата на лекови на товар на Фондот во 2017 година**

**Член 1**

Во Одлуката за определување на месечниот износ на средства кој здравствените установи што вршат обезбедување на осигурените лица со лекови кои се пропишуваат на рецепт во примарната здравствена заштита, може да го добијат за издадени лекови на рецепт од Листата на лекови на товар на Фондот во 2017 година (број 02-252/17 од 9 јануари 2017 година) во членот 1 во табелата се додава следната табела:

| Р.бр. | Шифра | Аптека Назив | Подрачна служба | Месечен износ |
|---|---|---|---|---|
| 779 | 20050003 | ПЗУ АПТЕКА ОЛИМПИЈА 3 – ДЕМИР ХИСАР | ДЕМИР ХИСАР | 79.000 |

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува од 1 јуни 2017 година.

**УПРАВЕН ОДБОР**
**Претседател,**
**Ангел Митевски**